АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 28.12.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5601 | 1 | |


До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставки на гледачи

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 и 25 декември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 декември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

– ***Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница)

6. **Претходно изречена мерка:**

- Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 11 и 25 декември 2018 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 11 декември 2018 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во рамки на емисијата „24 Отворено“, реализирани се четири вклучувања во живо на новинар од бугарска телевизија, којшто говори на бугарски јазик, без притоа да биде обезбеден превод на македонски јазик. На крајот од секое од првите две вклучувања, новинарот-водител на емисијата прави кратко сублимат на исказите од бугарски јазик,

што во однос на времетраењето на двете вклучувања емитувани на бугарски јазик, е несразмерно. На говорот од последните две вклучувања во програмата од страна на новинарот од бугарската телевизија, новинарот-водител на емисијата „24 Отворено" не прави сублимат на исказите од бугарски јазик. Програмите треба во целост да бидат преведени на македонски јазик.

**11 декември 2018 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „24 Отворено" – информативна емисија | 20:47:00 | 22:05:21 | Во рамки на емисијата остварени се четири вклучувања во живо на новинар од бугарска телевизија, којшто говори на бугарски јазик, без притоа да биде обезбеден превод на македонски јазик. |

Во изданието на „24 Отворено" од 25 декември 2018 година, еден од тројцата новинари-гости во студиото говори на српски јазик, при што дел од неговите прашања што ги поставува до гостинот во емисијата (претседателот на Владата на РМ) и дел од неговите дискусии не се преведени на македонски јазик, а дел од неговите прашања и дискусии се преведени на македонски јазик, испишани на титл на екранот. Времето на појава на титлот во одредени ситуации не е целосно синхронизиран со говорот на гостинот. Програмите треба во целост да бидат преведени на македонски јазик.

**25 декември 2018 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување на емисијата | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „24 Отворено" – информативна емисија | 20:45:06 | 22:41:45 | Во рамки на емисијата, еден од тројцата новинари-гости во студиото говори на српски јазик, при што дел од неговите прашања што ги поставува до гостинот и дел од неговите дискусии не се преведени на македонски јазик. |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 11 и 25 декември 2018 година, во рамки на изданијата на „24 Отворено", емитувани се делови од емисиите на бугарски односно српски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*